MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2640/4
год. 13-05-2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно член 22 став 1 и член 23 став 1 Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), на 15-та седница одржана на ден 09.05.2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, натамошното надлежно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 12-2640/1 од 08.05.2019 година, е беспредметно – од Државната комисија веќе е постапено по предмет со иста фактографија на предметните наводи.

Предметот со број 12-2640/1 од 08.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2640/1 од 08.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава, од непознат подносител, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година.

Пријавата содржи наводи за отпочнати градежни работи на булевар АСНОМ од страна на инвеститор Град Скопје, за време на изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, ДКСК констатира дека станува збор за пријава со предметни наводи по кои веќе е постапено од страна на ДКСК по предмет оформен по Приговор со број 12-2557/1 од 03.05.2019 година, доставен од организатор/учесник на изборна кампања со наводи за сомневања за прекршување на одредбите од Изборниот законик и на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а по кој на 12-та седница на ДКСК одржана на ден 03.05.2019 година донесена е Одлука со број 12-2557/7 од 03.05.2019 година, дека: сомневањата за прекршување на одредбата од членот од 8-а став 2 од Изборниот законик се неосновани, приговорот се одбива, а предметот да се затвори и да се архивира.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk